# 126. БОЛНА Е ЛЕГНАЛА УБАВАТА ЈАНА

Крај: Тиквеш, Кавадарци
Пеела: Ѓурѓа Делова
Родена: Кавадарци, 1945 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 213/1
Снимена: Кавадарци, Тиквеш
22 ноември 1958 год.
Мелограф.: Скопје, 14.05.1964.




1. Болна е легнала убавата Јана,
глава преврзала, очи не отвара. (2)

2. На глава ѝ стои старата ѝ мајка;
— Стани, стани Јано, стани мила ќерко,
стројници дојдоа, стројници Скопјани.

3. — Таксај, таксај мајко, големата нива,
големата нива, белата пченица. (2)

4. — Такса, такса ќерко, каил не се стори,
каил не стори неговата мајка. (2)

5. — Таксај, таксај мајко, сто педесет лири,
такса, такса ќерко, каил не се стори. (2)

Забелешка: секој парен стих се пее по двапати, доколку мелострофата не е составена од три стиха.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978.